РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ИЛИНДЕН
Арх. бр. 08-1655/5
30.09. 2016 год.
СКОПЈЕ

Записник
Од одржана прва работилница за изработка на
„Стратегија за интегриран развој
на Општина Илинден за периодот 2017-2021 година“

На ден 29.09.2016 година со почеток во 11 часот во Домот на култура Илинден се одржа првата работилниза за изработка на„Стратегија за интегриран развој на Општина Илинден за периодот 2017-2021 година“.
Работилницата беше со следниот дневен ред:

- Обраќање на Градоначалникот на Општина Илинден, м-р Жика Стојановски
- Обраќање на Виш офицер за демократско владеење на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Јанис Пилиурис,
- Реализирани акциони чекори и активности од Стратешкиот План за ЛЕР за периодот од 2012-2016 година
- Запознавање на присутните со процесот на изработка на Стратегијата за интегриран развој на Општина Илинден за периодот 2017-2021 година
- Отворена дискусија

Работилницата ја отвори и ги поздрави присутните членови на работната група Градоначалникот на Општина Илинден м-р Жика Стојановски, кој ја искажа својата благодарност до мисијата на ОБСЕ во Скопје, за досешаганата поддршка во изаботка на претходните два стратешки документи за периодите 2006-2011 и 2012-2016 година како и својата верба дека и новата стратегија ќе придонесе за продолжување и интензивирање на економски развој на Општина Илинден.

Тој додаде дека токму стратешкото планирање обезбедува рамка која што обединува повеќе проекти, чија што реализација, преку максимално искористување на ресурсите како и воспоставеното партнерство и соработката помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор допринесува во создавање на подобри услови за економски раст, отворање на нови работни места, воспоставување и одржување динамична претприемачка култура и создавање на квалитетни услови за живеење.

Вишиот офицер за демократско владеење на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Јанис Пилиурис, ја истакна поддршката која ОБСЕ континуирано ја спроведува на општина Илинден во делот на зајакнување и имплементација на принципите на демократија, инклузивност и одржливост.Тој додаде дека преку наредните четири работилници, преку кои работната група составена од претставници на јавниот, приватниот, невладиниот и граѓанскиот сектор, ќе ја изработат новата Стратегија за интегриран развој на општина Илинден за периодот од 2017 до 2021 година која убеден е дека само ќе ја потврди определбата на Општина Илинден да продолжи кон виситнскиот пат во создавање на квалитетни услови за живеење на своите граѓани.

Потоа преку кратка презентација Раководителот на одделението за Локален економски развој јавни и комуналини дејности и заштита на животната средина во Општина Илинден, Дејан Богдановски ги презентираше пред присутните реализираните акциони чекори и активности од Стратешкиот План за ЛЕР за периодот од 2012-2016 година. Тој посочи дека во изминатите 4 години благодарение на доброто стратешко планирање и добро дефинираните

проекти општината има 92% успешност во реалзирање на планираните проекти.

Потоа Христина Јованова преставник од ОБСЕ Мисијата во Скопје го презентираше пред присутните процесот на изработка на Стратегијата за интегриран развој на Општина Илинден за периодот 2017-2021 година.Таа ги наведе сите чекори кои ќе се случуваат во наредните работилници се до добивање на финалониот производ и изготвување на Стратегијата. Воедно ги повика сите присутни членови да се вложат во овој процес и со нивното активно залагање да придонесат до поквалитна стратегија која ќе допринесе за подобрување и интензивирање на развојот на живот во Општина Илинден.

Заге Филиповски преставник од ОБСЕ Мисијата во Скопје во делот на отворената дискусија посочи дека навистина ќе биде предизвик да се изготви и надгради стратегија на Општина Илинден бидејќи општината е една од најдинамичко растечки локални самоуправи и треба оваа стратегија да се навлезе во детали и нивна детална разработка.

Огнен Оровчанец директор на компанијата Агроунија посочи дека тој е член и на првата работна група која работеше во изготувањето на Стратешкиот план за Лер за периодот 2006-2011година и дека навистина многу работи се сменети од тогаш до сега во општината и дека и новата стратегија ќе треба да биде насочена кон финеси кои ќе ја подобрат уште повеќе состојбата и квалитетот на живеење во локалната заедница.

Драган Коцевски од компанијата Нетам посочи дека општина Илинден со се поголемиот развој ќе се соочи со недостиг на работна сила и дека треба да се обрне внимание во изготвувањето на новата стратегија и на делот од постојани обуки и профилирање на кадри кои ќе бидат во функција на потребите на локалната бизнис заедница.

Работилницаа заврши во 12 и 30 часот, и беше најавена втората работилница за на 13 октомври кога ке се даваат предлози за дефинирање на визијата и министијата како и дефинирање на SWOT анализата.

29.09.2016 г
Илинден

записничар
Ана Аначкова